**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:**

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6012 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во осмиот извештаен период (од 11 до 20 ноември), анализата на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Нова е спроведена врз десет изданија на Обсервер на Нова во 19 часот. Во

прилог на Извештајов и овојпат има табела со податоци за прилозите емитувани во другите две поголеми дневно - информативни изданија од ударното време (во 17 и во 22 часот) за да се има увид во тоа кои прилози за активностите на политичките партии се емитувани во Обсервер во 19 часот, а кои во другите две емисии.

Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 4 часа 47 минути и 26 секунди, од кои извештаите (некои од нив коментаторски), вестите, соопштенијата, изјавите, интервјуата, односно прилозите со информативни жанрови, зафаќаат 3 часа 57 минути и 20 секунди (Табела 1). Во овој десетдневен период, има еден разговор во живо, на 19 ноември, со Олга Панго, уметничката раководителка на Македонскиот балет, по повод премиерата на балетот Клеопатра (3 минути и 51 секунда).

На аналитичките жанрови, пред сè коментари, отпаѓаат 50 минути и 6 секунди.

***Табела 1 – Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:41:26 | 17,46 % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:52 | 3,74 % |
| СДСМ | 00:05:56 | 2,50 % |
| Граѓански сектор | 00:09:17 | 3,91 % |
| Други субјекти | 00:18:35 | 7,83 % |
| Влада на РМ | 00:16:08 | 6,80 % |
| ДИК и други органи | 00:41:59 | 17,69 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:16:57 | 7,14 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:29:59 | 12,63 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:00 | 0,42 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:43 | 0,72 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:45 | 0,74 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:31 | 1,48 % |
| ГДОМ | 00:04:47 | 2,02 % |
| Судство | 00:04:58 | 2,09 % |
| Народно движење за Македонија | 00:02:38 | 1,11 % |
| Привремена комисија | 00:03:04 | 1,29 % |
| Локална самоуправа | 00:03:20 | 1,40 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:09 | 0,48 % |
| Без субјекти | 00:13:52 | 5,84 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:37 | 0,68 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:41 | 0,29 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:41 | 0,29 % |
| Либерална партија | 00:00:41 | 0,29 % |
| Беса | 00:00:41 | 0,29 % |
| Левица | 00:00:41 | 0,29 % |
| Коалицијата ВМРО за Македонија | 00:00:41 | 0,29 % |
| Коалицијата за промени и правда | 00:00:41 | 0,29 % |
| | **Вкупно: 03:57:20** | **100 %** |

Безмалку иста е застапеноста на прилозите за активностите на ДИК, во подготовка на изборите, и за ставовите, средбите и активностите на ВМРО ДПМНЕ. За ВМРО ДПМНЕ има прилози во кои странски политичари даваат поддршка за нејзина победа на изборите (Унгарија, Германија).

СДСМ е малку присутна кај информативните жанрови, а и тука честопати со коментаторски извештаи, додека повеќе ја има во коментарите (како што е опишано подолу во извештајов). Од другите политички партии, информации има за НДМ, ДУИ, ГРОМ, за кои се издвоени по неколку минути, а ДПА, ПДП, Коалицијата ВМРО за Македонија, Коалицијата за промени и правда, Либералната партија, Левица и Беса имаат по 40-тина секунди.

Следува категоријата *„амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“*, во чија застапеност значајна улога играат информациите за средбите на ВМРО ДПМНЕ со странски политичари, а има и прилози за посетата на американскиот претседател Барак Обама на Грција, во контекст на ставот на грчкиот претседател Павлопулос против Македонија и барањата на Обединетата македонска дијаспора (Обама да повлијае во правец Грција да не ја блокира Македонија).

Наредна е категоријата *„други субјекти“*, во која методолошки во овој извештај спаѓаат: НБРМ, „Економија и бизнис“, колумнисти, Технопласт, The Hill, "Вечер", "Дневник", доктори, „СИ-ЕН-ЏИ Системс“, Антикорупциската комисија, родители на деца со пречки во развојот, Светски македонски конгрес, ССК, Албиинфо, лице со оштетен вид, „Стара Фурна“, Народен правобранител и др.

По временската застапеност следуваат претставниците на органите на државната управа, па Владата, за која се известува за редовни активности. Ретко има прилози со позитивен контекст за нејзините достигнувања, на пример: на 18 ноември сегментот означен со два телопи „Спасов: Преку „Македонија вработува 2“ отворени 2.960 работни места“ и „Повеќе од 900 милиони евра инвестиции во инфраструктура за 2017“ (7 минути и 6 секунди). Од друга страна, има прилози со позитивна рамка за активностите, политиките и проектите на Владата во кои се појавуваат претставници на органите на државната управа, стопанственици и други субјекти.

Последна меѓу категориите со позначајно присуство е *„без субјекти“* што се должи на повеќе анкети со граѓаните (наведени потаму во извештајов).

Два субјекти добиле позначајна можност директно да и се обратат на публиката во прилозите со информативни жанрови – ВМРО ДПМНЕ и ДИК (Табела 2).

***<u>Табела 2 – Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:11:11 | 16,59 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:45 | 18,91 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:51 | 7,19 % |
| Граѓански сектор | 00:02:00 | 2,97 % |
| Други субјекти | 00:05:38 | 8,36 % |
| Влада на РМ | 00:04:36 | 6,82 % |
| СДСМ | 00:02:28 | 3,66 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:29 | 9,62 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:49 | 1,21 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:46 | 10,04 % |
| Привремена комисија | 00:01:04 | 1,58 % |
| ГДОМ | 00:03:44 | 5,54 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:39 | 0,96 % |
| Локална самоуправа | 00:01:28 | 2,18 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:01 | 1,51 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:22 | 0,54 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:25 | 0,62 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:09 | 0,22 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Демократски сојуз | 00:00:18 | 0,44 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:15 | 0,37 | % |
| Беса | 00:00:10 | 0,25 | % |
| Левица | 00:00:17 | 0,42 | % |
| | **Вкупно: 01:07:25** | **100** | **%** |

Своите ставови во врска со политичките субјекти, ТВ Нова ги изнесува во коментари (сопствени или симулирани/преземени) и во коментаторски извештаи. Понекогаш демантите на изнесените тврдења ги емитува во посебни прилози, веднаш по иницијалните информации.

На 11 ноември, има коментар со негативна рамка за СДСМ „Продолжува да врие во СДСМ, Милетиќ е најновата причина" (5 минути и 11 секунди) кој се однесува на реакциите за коалицирањето на СДСМ со Српската напредна странка на Драгиша Милетиќ. Во воведот се потсетува дека освен бурната реакција за коалицирањето со партијата на Милетиќ, негативни реакции имало и при објавувањето на листите со кандидати поради тоа што личности од „Шарена револуција" и Студентскиот пленум, кои во текот на протестите тврделе дека не се поврзани со ниту една партија, „како што се доближија изборите, сфативме сите и видовме тие се најдоа директно на листите на СДСМ и тоа на добитните места". Во прилогот се емитува скрин шот од Фејсбук статусот со негативна реакција на Весна Бендевска – поранешна пратеничка и висок функционер на СДСМ, поради потпишувањето коалициски договор со СНСМ. Потоа се емитува изјавата на Зоран Заев дека Милетиќ се приклучил без да бара пратеничко место, а со цел да се урне режимот. Се пренесуваат Фејсбук статуси на Ана Павловска Данева - доскорешна пратеничка, реакцијата на Дејан Тодоровски, статусот на колумнистот Ивор Мицковски, Ленче Николовска – поранешна пратеничка, чиј Фејсбук статус гласел „Време е за настап на СЈО". По ова медиумот вели дека ваквиот коментар на Николовска предизвикал уште реакции за тоа дали се бара да се вклучи СЈО за да се сврти вниманието на јавноста од незадоволството во опозицијата „и дека ова личи на уште една нарачка од опозицијата до специјалните обвинители". Потоа се пренесени и стари ставови на Драгиша Милетиќ.

Следува уште еден прилог со негативна рамка за СДСМ „Пандов: Оправдан е бесот во редовите на СДСМ, Заев не успеа да ја обедини партијата" (1 минута и 48 секунди) во кој политичкиот аналитичар Александар Пандов ги коментира реакциите во СДСМ по коалицирањето со СНСМ, за тоа дека Заев најавувал широк фронт - коалиција во која сите опозиционери ќе бидат вклучени, а не успеал да ја обедини својата партија. Како илустрација се користат скрин шотови од Фејсбук статуси на Луми Бекири: „Многу муки у СДСМ", Бранко Геровски „некому мур, некому...", на Ана Павловска Данева, Петрит Сарачини, Ивор Мицковски, Весна Бендевска.

Следниот прилог е коментаторски извештај означен со телопите „Коневски: Грдото лице на Македонија е аболицираниот криминалец Заев, а не Македонците кои си ја сакаат државата" „Каракамишева: Промената на Уставот е опасна политичка игра на Заев" и „Каракамишева: Двојазичноста воопшто не е категорија предвидена во Уставот" (4 минути и 38 секунди). Во него најпрвин се информира за прес-конференцијата и реакцијата на ВМРО ДПМНЕ за изјавите на Заев при гостување во емисија на ТВ 21. Потоа има анкета со граѓани на прашањето за тоа дали се за воведување на двојазичност во Република Македонија - претежно со негативни ставови. На ова се надоврзува ставот на универзитетската професорка Тања Каракамишева, дека изјавите на Заев се опасни и противуставни. На крајот се потсетува на изјавите на Заев од емисијата на ТВ 21 за тоа дека „сега му е мајката да се воведе албанскиот јазик како втор службен во Македонија" и оти ако било „грдо лицето на Македонецот", тогаш не е важно дали ќе изгуби гласови од Македонците.

На 13 ноември, во коментарот со негативна рамка за СДСМ „Цуцуловски: СДСМ практично веќе не постои, Заев го подели членството до крајни граници" (2 минути и 35 секунди) се пренесува Фејсбук статусот на професорот Љубомир Цуцуловски. Според него, промената на ставовите, зачудувачките персонални промени, збунувачките коалиции, бесмислените и небулозни предлози за промена на Уставот сосема ја

обезличија СДСМ и таа практично не постои. Зоран Заев треба да биде избран за почесен претседател на ВМРО ДПМНЕ бидејќи го дезориентира и целосно го подели членството на СДСМ. Од друга страна ВМРО ДПМНЕ просто заплашува со својата организираност, цврстина и ултимативно спроведување на централните одлуки. Потоа медиумот дополнува дека „реакцијата на Цуцуловски е последна во низата кои во изминатиов период ја брануваат јавноста", по што се потсетува на оставката на Софија Куновска поради тоа што на листите се најде Лилјана Поповска, дека имало револт зашто на листите ги нема Марјанчо Николов и Горан Сугаревски, а кулминација била информацијата за коалицирање со партијата на Драгиша Милетиќ.

Нешто подолу во вестите се пренесува колумната на поранешен амбасадор на САД и заменик - портпарол на Стејт департментот Адам Ерели, со негативна рамка за специјалната јавна обвинителка Катица Јанева, означен со телоп „The Hill" објави критична колумна за работата на СЈО со наслов, „Треба да го практикуваш тоа што го проповедаш" (4 минути и 19 секунди). Се пренесуваат неговите ставови дека Јанева ја „злоупотребува својата моќ и го дискредитира СЈО, како и довербата на јавноста која со заклетва се обврза да ја брани", „го оцрнува целиот судски систем преземајќи го законот во свои раце", оти „за Јанева, да се биде независен обвинител значи да се отпуштат двајца заменици - обвинители, кои, наводно, одбиле да ја следат нејзината политичка волја. Тоа претставува закана за граѓаните на Република Македонија или, според локалните извештаи, тоа значи дека таа се обидува да ги поткупи во давање лажни изјави за други официјални претставници. Уште повеќе, таа вработува свои роднини со аргумент дека со тоа го зајакнува нејзиниот тим, што значи дека владата исплаќа плати на членовите на нејзиното семејство. Наместо да постапува според закон, Јанева ја претставува корупцијата против која би требало да се бори" пишува Ерели. Потоа, медиумот наведува дека ова не е првпат СЈО да биде критикувано надвор од Македонија, по што се вели оти претседателот на ГРЕКО Марин Мрчела ги осудил методите на СЈО и се емитува негова изјава.

На 14 ноември се пренесува преземениот/симулиран коментар „"Вечер": Катица Јанева уплатила членарина во СДСМ во 2015 година" (2 минути и 46 секунди), со најава: Весникот "Вечер" отвара нова афера поврзана со специјалната јавна обвинителка Катица Јанева" по што се наведува што објавуваат "Вечер" и "Дневник", и дека СЈО и СДСМ демантирале. Во прилогот се пренесува дека "Вечер" објавил уплатница за која се тврди дека е потпишана од Јанева и дека со неа таа го верификувала членството во СДСМ. ТВ Нова побарала потврда или демант и од СЈО и од СДСМ. Од СЈО само кусо е одговорено дека станува збор за апсолутно невистинита уплатница. Од СДСМ одговориле дека станува збор за класичен обид за фалсификување на уплатница. Од редакцијата на "Вечер" навеле дека СЈО и СДСМ треба да ги докажат зборовите што ги изрекуваат во јавност дека Катица Јанева не е член на СДСМ и дека нема уплатена членарина 45 дена пред назначувањето за СЈО. На крајот се потсетува дека неодамна весникот „Дневник" објави фотографија со членска книшка на СДСМ за која се тврдеше дека е на Катица Јанева. Демантот од СЈО е емитуван наредниот ден.

На 15 ноември се емитува коментарот „Административци: Не тераа да снимаме спот за СДСМ во работно време" (2 минути и 50 секунди) во кој се тврди дека СДСМ „најгрубо ја злоупотребува администрацијата во политички цели". Се наведува дека на административци од Општина Струмица, и вработени во училишта, за кои се вели дека се плашат да го кажат тоа јавно сметајќи дека ќе бидат санкционирани, им било наредено да учествуваат во снимање спот на Зоран Заев. Ова е илустрирано со луѓе кои стојат до возила и се движат во колона. Потоа се читаат одредби од закони и кодекс за тоа дека административните службеници не смеат да учествуваат во политички активности во текот на работното време. Во прилогот се вели дека „на терен беа видливи и возила со српски регистарски ознаки, но нема потврда дали станува збор за агенцијата „Раскин и Хант", познати како сеачи на скапа магла „кои се зближија со лидерот на опозицијата и му ги нудат нивните услуги". Негативен тон и рамка за СДСМ.

На 16 ноември, прв прилог е коментаторскиот извештај „Злоупотреба на администрацијата во политички цели" (3 минути и 38 секунди), каде екипата на ТВ Нова, во Струмица, ја продолжува темата од претходниот ден - дека вработени во администрацијата во Општина Струмица и професори се користат за снимање спот за Зоран Заев. Во прилогот се користат и аматерски снимки за кои се вели дека докажуваат оти продолжува снимањето на спот за изборната кампања на СДСМ, и тоа во јавни објекти. Побарано било

мислење и од градоначалникот на Струмица, Зоран Заев, но не бил добиен одговор. Има потврден одговор од Комуналец Струмица за тоа дека, за снимањето на површини кои се во негова надлежност, е побарана и дадена согласност. Се пренесува краток демант од Општина Струмица дека ниту еден вработен не е ангажиран надвор од редовните работни обврски. Потоа се пренесува и соопштението од Министерството за администрација и информатичко општество во кое се повикуваат надлежните веднаш да го документираат и расчистат овој случај, со дисциплински мерки и кривични пријави.

Следниот прилог е коментар, со негативна рамка за СДСМ, означен со телопите „"Вечер": Струмица се снабдува со гас од фирма на висок функционер на СДСМ", „Гасот се плаќа по двојно повисока цена од вообичаената" и „Си Ен Џи Системс" е фирма во сопственост на Митко Андреевски, претседател на Комисија за енергетика на СДСМ". Се најавува дека „Струмица ја тресе и нова афера", по што се пренесува написот од весникот „Вечер" дека Митко Андреевски, сопартиец на Заев, зема милиони од Струмичани тоа што набавува гас по поголема цена отколку онаа по која набавката ја врши ЕЛЕМ. Се наведува дека гасификацијата на Струмица, Заев ја користи во предизборни цели. Се емитува одговор од Зоран Китанов, директорот на „Струмица гас", за тоа дека тендерот бил јавен и меѓународен, била почитувана законската процедура, а цената била повисока зашто „Струмица гас" набавува компресиран гас, за разлика од ЕЛЕМ. ТВ Нова ја прашала Антимонополската комисија дали ќе го разгледува случајот од аспект на тоа дали има корупција. Бил побаран став и од градоначалникот Зоран Заев, меѓутоа тој одбил да одговори истакнувајќи дека има одговор од „Струмица гас". Потоа се вели дека и ГДОМ на трибината што ја одржал дента во Струмица го отворил ова прашање и се емитува изјава од Никола Србов дека „Зоран Заев гасификацијата на Струмица ја прикажуваше како еден од најголемите, неговите животни проекти кои ги има остварено, а всушност вчера дознавме дека тоа е најкатастрофалниот проект кој се случил во Република Македонија" поради цената и го поставува прашањето каде одат парите од разликата во цената, односно дали завршуваат кај СДСМ.

На 17 ноември има осврт „Економските релации меѓу Македонија и Германија се во постојан раст" (2 минути и 6 секунди) во кој се говори за тоа дека официјалните податоци на државните институции покажуваат оти соработката помеѓу Македонија и Германија постојано се зголемува. Се вели оти звучни имиња од најмоќната европска економија какви што се Дрекслемаер, Маркарт, Кромберт и Шуберт се дел од компаниите кои изградија производствени капацитети во земјава. Прикажани се податоци за трговската размена помеѓу двете земји и процентуален приказ за извозот во Германија.

Во коментаторскиот извештај, со негативна рамка за СДСМ, „Вработени во ПОЦ делеле пропаганден материјал за СДСМ" (2 минути и 33 секунди) се покажуваат фотографии за кои се тврди дека прикажуваат вработени во ПОЦ како на автомобили ставаат пропаганден материјал за СДСМ. Се потсетува повторно на законските одредби со кои е забрането ангажирање на административните службеници во политички активности во работното време. Исто така, повторно се потсетува дека струмичката администрација учествувала во снимање спот за СДСМ, што се илустрира со снимки, и се наведува оти „и покрај снимките и фотографиите кои ги објавија повеќе медиуми, од Општината демантираат дека никој не е ангажиран надвор од нивните работни обврски во Општина Струмица и во другите институции".

Следува коментаторски извештај „Скандалозни изјави на Заев во Швајцарија, удри по уставноста" (3 минути и 35 секунди) со негативна рамка за Зоран Заев и СДСМ. Во него се информира за обраќањето на претседателот на СДСМ Зоран Заев пред дијаспората во Швајцарија во врска со употребата на албанскиот јазик на територијата на Македонија, проширувањето на Рамковниот договор и оти односите со соседите се лоши, а проблемот е во Македонија. Се вели дека и од таму продолжил „да ја бутка идејата за двојазичност на Македонија". Потоа се информира дека на средбата присуствувал и струшкиот градоначалник Зијадин Села според кого етничкото чистење на Албанците од Македонија траело од 1912 година. На средбата зборувал и Андреас Грос, според кого во Македонија македонскиот и албанскиот јазик треба да бидат официјални и треба да се смени Уставот. На крајот се потсетува на претходни изјави на Заев за тоа дека ќе го направи албанскиот јазик „официјален" и за тоа дека „за да ја оствари оваа негова замисла, подготвен е да го смени Уставот на земјава".

Следува симулиран/преземен коментар од весникот "Вечер" со кој, во низа, се третира темата за набавката на гас во Општина Струмица „"Вечер": Андреевски инкасирал од струмичани 2.5 милиони евра за 3 години" (5 минути и 16 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Се наведува дека трите досегашни тендери за набавка на гас ги добила „партиската фирма на СДСМ СИ-ЕН-ЏИ системс" и дека Андреевски од тендерите „инкасирал околу 2,5 милиони евра. Се пренесува дека Андреевски ги демантирал тврдењата оти профитирал и дека нема партиска поврзаност зашто договорите кои биле транспарентно добиени во време кога тој не бил член на партија. Се вели дека од општинското претпријатие „Струмица гас" веќе потврдија оти сите тендери за набавка на гас ги добила фирмата на претседателот на Комисијата за енергетика на СДСМ Митко Андреевски. Директорот на „Струмица гас" Зоран Китанов, тврди дека „СИ-ЕН-ЏИ системс" е избрана на меѓународен тендер но, како што се наведува во прилогот „не посочува дека станува за судир на интереси, за злоупотреба на службената положба, зошто е избрана токму фирмата со која раководи" Андреевски. На крајот се повторува дека ТВ Нова се обидела, но не успеала да добие одговор од Заев на оваа тема и дека Антикорупциска комисија го разгледува случајот.

Потоа се емитува коментаторски извештај, со негативна рамка за техничката министерка Фросина Ташевска-Ременски „Стопиран уште еден проект на Министерството за труд и социјална политика од страна на Ременски" (2 минути и 31 секунда). Во него се тврди дека е стопирана мерката за рехабилитација на деца со пречки во развојот. Се наведува дека директорот на центарот за рехабилитација Бања Банско Драги Аљоков потврдил дека проектот е стопиран при што се емитува негова изјава, во која тој вели дека во моментот тој проект не се реализира, но оти не добил информација од Министерството дали е стопиран.

По ова, во одвоен прилог „МТСП демантира дека Ременски го ускратила правото на рехабилитација на децата со попреченост" (1 минута и 37 секунди) се емитува реакцијата од Кабинетот на министерката Ременски.

На 18 ноември, сегмент од Обсервер во 19 часот е посветен на „лавината реакции" на обраќањето на Заев пред дијаспората во Швајцарија, во кој прилозите имаат негативен тон и рамка за Зоран Заев.

Најпрвин има коментар „Заев: Рамковниот договор не е договор, мора да одиме преку него" (2 минути и 54 секунди), со негативен тон и рамка за Зоран Заев. Се вели дека коментарот на упатените гласи: „Чисто уривање на Рамковниот договор и поткопување на државноста. Заев сака да биде поголем Албанец од Албанците и отвара прашања кои подоцна може да ни создадат многу големи проблеми". Се емитува реакцијата на Киро Киров од Здружението на бранителите од 2001 година. Се репризира изјавата на Заев од Берн, и изјавата на Андреас Грос. На крајот се вели: „По ова се поставува прашањето дали станува сè појасно дека првиот опозиционер Заев ја тера својата агенда за двојазичност и федерализација на Македонија? Дали Македонија е крива за непризнавањето на МПЦ? Дали Македонија е крива за непризнавање на јазикот и народ од соседните држави?"

Следува изјава на претседателот на ГРОМ Стефче Јакимовски за ТВ Нова „Јакимовски: Заев изврши историско велепредавство со изјавата во Берн" (1 минута и 9 секунди), па соопштението од Тодор Петров „На изјавите на Заев реагира и Светскиот македонски конгрес" (1 минута и 25 секунди) и на крајот, дел од разговорот на универзитетската професорка Тања Каракамишева од емисија на ТВ Нова, означен со телоп „Аналитичарите за ставовите на Заев пред дијаспората во Швајцарија" (2 минути и 49 секунди) според која постои поврзаност на СДСМ и СЈО, дека Обвинителството се јавува секогаш кога треба да се сокрие некој гаф на Заев, меѓутоа „не постојат толку предмети во Специјалното јавно обвинителство колку што гафови изнакажа лидерот на СДСМ Зоран Заев".

Следниот прилог е коментаторски извештај „СЈО отвори истрага - „Таргет" – експресна реакција од ВМРО-ДПМНЕ" (2 минути и 3 секунди). Во него најпрвин се емитува информација од прес-конференцијата на СЈО и има куса изјава од обвинителката Фатиме Фетаи. Потоа се вели дека од ВМРО-ДПМНЕ стигнала експресна реакција и се чита соопштението од оваа партија, по што се наведува оти во интервју за неделникот „Фокус", претседателот на СДСМ „практично го најави овој случај, велејќи дека очекувал во текот на ноември да се соопшти кој и како прислушкувал во РМ".

На реакциите за изјавите на Заев во Берн им е посветен сегмент и во Обсервер во 19 часот од 19 ноември, со прилози со негативен тон и рамка.

Најпрвин има осврт „ВМРО-ДПМНЕ: Целта на Заев е да се дограби до власт и да ја редефинира државата" (3 минути и 50 секунди), каде повод за актуелизација на темата е ставот на ВМРО ДПМНЕ, преку изјавата на Ивица Коневски. Потоа следува изјавата, со негативниот став, на поранешниот пратеник Љатиф Пајковски. Се потсетува што кажал Заев во Берн, преку реприза на неговото обраќање, и се завршува: „претходно, во друго телевизиско гостување, Заев не исклучи менување на Уставот за проширена употреба на албанскиот јазик".

Нареден прилог е „Никовски: Со изјавите на Заев се руши македонскиот карактер на државата" (2 минути и 6 секунди) во кој се емитува дел од интервју на Ристо Никовски, дадено за ТВ Нова (се поткопуваат темелите на државата и се руши тоа што Македонците го граделе). Уште еднаш се репризира дел од обраќањето на Заев во Берн и се вели оти покрај Заев, говорници биле и Зијадин Села, Андреас Грос и Башким Исени – директорот на Албиинфо.

Првите шеснаесетина минути од Обсервер во 19 часот, емитуван на 20 ноември, се сегмент со прилози во врска со реакции за изјавите на Заев пред дијаспората во Швајцарија, со негативен тон и рамка за Зоран Заев и СДСМ.

Прв е коментаторскиот извештај со два телопи „Трајковски: СДСМ ги потврди срамните ветувања на аболицираниот Заев" и „Македонците од дијаспората: Згрозени сме од изјавите на Заев" (4 минути и 39 секунди) во кој најпрвин има нова изјава од ВМРО ДПМНЕ, дадена на прес-конференција од Тони Трајковски. Реакцијата се однесува на соопштение од СДСМ. Следуваат реакции од неколку граѓански здруженија од дијаспората од САД и Австралија - Македонско сонце од Флорида, Македонска заедница од Перт, Македонците од Аделаида и Јужна Австралија. На крајот се пренесува соопштението од СДСМ, кое е повод за прес-конференцијата на Трајковски.

Потоа се емитуваат анкети со граѓани во три града „Анкета Тетово: Не за двојазичност!" (4 минути и 45 секунди). Во овој дел од прилогот, наспроти тврдењето од телопот, има позитивни ставови на граѓаните. Потоа во истиот прилог, со телоп „Трајковски: СДСМ ги потврди срамните ветувања на аболицираниот Заев" се емитува анкета од Битола, со негативни ставови.

Наредна е „Анкета Велес: Не за двојазичност!" (3 минути и 10 секунди), а сегментот завршува со анкетата „Охриѓани: Срамно е да кажете дека во Македонија е проблемот" (3 минути и 54 секунди).

Подолу во вестите се емитува преземената колумна „Генерал Роналд Џонсон: Македонија стратешки партнер на САД" (2 минути и 9 секунди) со позитивен тон и рамка за Никола Груевски.

Веднаш по овој прилог, емитуван е коментар со негативна рамка за Министерството за труд и социјална политика и министерката Фросина Ташевска-Ременски „Се појавија фотографии за злоупотреба на службени возила од кабинетот на Ременски" (1 минута и 39 секунди). Во него се вели дека медиуми објавиле информации за злоупотреба на возило на Министерството од страна на соработничка на Ременски, Наташа Методиева – кабинетски службеник за политика за вработување. Прикажани се слики и видео од возило за кое се вели дека е во сопственост на Министерството, а се тврди дека Методиева го користи надвор од работното време и вон потребите на Министерството. Се наведува и оти „според пишувањата, возилото било забележано и пред партиските штабови на СДСМ" и оти Методиева „е активен партиски член на СДСМ и учесник на т.н. Шарена револуција".

По ова, во одвоен прилог се емитува „Реакција од Кабинетот на Ременски: Се бараат виновници каде што ги нема" (57 секунди), односно соопштението со реакцијата од министерката Ременски.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Овој десетдневен период започнува на 11 ноември на полноќ со емитување на репризното издание на емисијата *Аргументи*. Тема на дебатата е „Извештајот на ЕК – поттик за периодот по изборите", каде гостува политичкиот аналитичар Драган Ристовски. Во ова издание на *Аргументи* емитуван е исечок, во траење од половина час, од Отвореното студио посветено на претседателските избори во САД и извештајот на ЕК, каде гостуваат Ристо Никовски – поранешен амбасадор и Ивица Јосифовиќ - универзитетски професор. Емитувани се уште две реприизи во 5 часот и 24 минути и во 11 часот и 25 минути.

На 12 ноември, во 14 часот и 29 минути е емитувано *Отворено студио – избор од дебатните емисии на Нова*. „Еден месец до парламентарните избори": Бујар Османи - портпарол на ДУИ; „Американците денеска гласаат за новиот претседател на САД": Петар Арсовски – аналитичар, Љупчо Зиков – новинар, Цветин Чилиманов – новинар; „Осма препорака за членство во ЕУ": Иванка Додовска – универзитетски професор, Алберт Муслиу – аналитичар; „Извештајот на ЕК – поттик за периодот по изборите": Драган Ристовски – политички аналитичар; „Одговорност на искажаниот збор": Сотир Костов – политички аналитичар Јасмина Миронски - новинар и ПР експерт.

На 14 ноември во 20 часот и 34 минути, во емисијата *Аргументи* гости се Владимир Божиновски – политички аналитичар и Митко Гаџовски – универзитетски професор. Тема на дебатата е „На избори со граѓански и партиски листи". Реприизи се емитувани на преминот од 14 кон 15 ноември и следниот ден на пладне.

На 15 ноември во 20 часот и 35 минути, емитувана е дебатната емисија *Отворено студио*. На тема „Ќе го здрма ли Трамп светот?" во студиото гостуваат аналитичарите Цветин Чилиманов и Златко Кесковски. Реприизи се емитувани на преминот од 15 кон 16 ноември и следниот ден во 5 часот и 24 минути и околу пладне.

На 16 ноември во редовниот термин за *Аргументи,* гостуваат политичките аналитичари Рамадан Рамадани и Филип Петровски. Тема на дебатата е „Кој и со што влегува во кампања". Реприизи се емитувани на преминот од 16 кон 17 ноември, како и следниот ден во 5 часот и 30 минути и во 11 часот и 37 минути.

На 18 ноември, во редовниот термин за *Отворено студио* на тема „Челичните дами во политиката", гостуваат поранешните пратенички Роза Топузовска Каревска и Христина Рунчева. Реприизи на оваа тема се емитувани истиот ден околу полноќ и на 19 ноември во 7 часот и 30 минути и во 11 часот и 34 минути.

На 19 ноември во 14 часот и 30 минути емитувано е *Отворено студио – избор од дебатните емисии на Нова*. „На избор со граѓански и партиски листи": Владимир Божиновски – аналитичар, Митко Гаџовски – универзитетски професор; „Ќе го здрма ли Трамп светот?": Цветин Чилиманов – аналитичар, Златко Кесковски – универзитетски професор; „Кој и со што влегува во кампања?": Рамадан Рамадани – аналитичар, Филип Петровски - аналитичар; „Врие во регионот, жешко и кај нас": Ацо Станковски – аналитичар; „Челичните дами во политиката": поранешните пратенички Роза Топузовска Каревска и Христина Рунчева.

Истиот ден во 17 часот и 46 минути, емитувано е *Отворено студио на албански јазик* на тема „Политичките партии се подготвуваат за избори на 11 декември" гостуваат Исмет Рамадани – аналитичар и Имер Селмани - поранешен заменик-министер и министер за здравство.

На 20 ноември во 14 часот, емитувана е емисијата *Око* во која гостуваат Петрит Сарачини од центарот за слобода Цивил и Томче Ширков од Движењето за духовна обнова на Македонија. Во емисијата се дискутира за бракот како институција, легализирањето на истополовите бракови, посвојувањето на деца итн. Реприза од оваа емисија е емитувана на преминот од 20 кон 21 ноември.

*Интервју*

На 11 ноември во 20 часот и 36 минути, во *Отворено студио*, реализирано е интервју со портпаролот на ДУИ – Бујар Османи. Тема на интервјуто е „Еден месец до парламентарните избори“. Репризи од ова интервју се емитувани на 12 ноември по полноќ, во 7 часот и 13 минути и во 11 часот и 30 минути.

На 11 ноември, во вонредно издание на *Отворено студио* посветено на пратеничките листи на партиите доставени до ДИК, гостува универзитетскиот професор Тања Каракамишева. Во *Отвореното студио* има и неколку директни вклучувања од ДИК, каде што членови на политичките партии и подносители на пратеничките листи дадоа свои изјави. Реприза е емитувана следниот ден во 12 часот и 40 минути, на 18 ноември во 20 часот и 21 минута и на 19 ноември во 10 часот и 33 минути.

На 12 ноември во 17 часот и 52 минути, во емисијата *Отворено студио на албански јазик* гостува Гзим Острени – претседател на партијата Унитети.

Истиот ден во 21 часот и 45 минути, емитувано е интервју со Виктор Мизо – директор на ТИРЗ. Реприза е емитувана на 13 ноември во 12 часот и 45 минути.

На 13 ноември, во емисијата *Око* гостува актерот Игор Џамбазов. Репризи на ова интервју се емитувани на преминот од 13 кон 14 ноември, како и во 5 часот и 45 минути и во 11 часот и 35 минути.

На 14 ноември во 12 часот и 28 минути, е реализирано интервју со германскиот пратеник од партијата ЦДУ Торстен Фрај.

Истиот ден во 12 часот и 36 минути, емитувано е интервју со Спиро Ристовски, заменик - министер за образование и наука. Тема на интервјуто е имплементирањето на Кембриџ програмата и во средните училишта.

Во 19 часот и 39 минути, интервју со заменик-генералниот директор на одделот за Евровизија во МНР на Израел. Реприза на ова интервју е емитувано истиот ден во 22 часот и 48 минути.

На 16 ноември во 15 часот и 9 минути во рамки на вестите е спроведено интервју со градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески.

На 17 ноември во 20 часот и 31 минута, во емисијата *Аргументи* на тема „Врие во регионот, жешко е и кај нас“ гостува Ацо Станковски – политички аналитичар и уметник. Ова интервју е репризирано на преминот од 17 кон 18 ноември, како и следниот ден во 5 часот и 18 минути и во 11 часот и 30 минути.

На 18 ноември, во *Ново утро на Нова* гостува министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски. Тема на разговорот е изградбата на новите автопати, авиосообраќајот и инвестициите во инфраструктурата. Реприза од интервјуто е емитувана во 13 часот и 37 минути.

*Други информативни програми*

На 11 ноември во 13 часот и 51 минута, ТВ Нова емитува директно вклучување од прес-конференција на ВМРО-ДПМНЕ.

На 12 ноември во 16 часот и 6 минути, емитувано е директно вклучување во живо од Конвенцијата на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ за претставување на носителите на изборните листи. Директното вклучување е во траење од еден час и 30 минути.

На 18 ноември во 14 часот и 8 минути, емитувано е директно вклучување од прес-конференцијата на ДИК.

Истиот ден во 18 часот и 12 минути, во рамки на *Дневен бриф на Нова* реализирано е интервју со универзитетскиот професор Тања Каракамишева. Гостинката во студиото ги коментира изјавите на Заев пред дијаспората во Швајцарија, прес-конференцијата на СЈО, Рамковниот договор итн.

На 19 ноември во 20 часот и 9 минути, во рамки на вестите во 20 часот емитуван е разговор со Александар Пандов – член на ГДОМ и аналитичар.

На 20 ноември во 15 часот и 45 минути и 20 часот и 20 минути на ТВ Нова емитувана е репортажа за АРМ.

### Член 75-б од Изборниот законик

ТВ Нова, во осмиот извештаен период (11 до 20 ноември 2016 година), емитуваше прилози за редовни активности на власта, прилози со позитивен контекст за нејзините политики, активностите и резултатите на Владата (опишано погоре), а поврзување на власта со политички субјект има во следниве извештаи:

***Обсервер на Нова во 19 часот 11.11.2016***

19:23:51 – 19:28:17 прилог со три телопи - „Во декември, пензиите ќе се покачат за 5%", „Аргировски: Пензионерите се задоволни од владините мерки" и „Просечна пензија 223 евра, највисока во регионот" – во прилогот се најавува дека пензиите од идниот месец ќе бидат зголемени, дека пензионерите се една од групите со најголеми придобивки од владините мерки во изминатиов период, на што се надоврзува информација дека Здружението на пензионери потпиша меморандум за соработка со ВМРО-ДПМНЕ за нови мерки и барања, медиумот ги поврзува мерките на власта со предизборните активности на партија.

***Обсервер на Нова во 19 часот 12.11.2016***

